ИЛИНКА ГЛИГОРОВА - СУЗА



Илинка Глигорова - Суза низ целиот уметнички пат останала доследна на сопствениот суптилен лирски концепт

# СЛИКАРКА СО ТИВКА МОЌ

***Изложбата во Музејот на град Скопје на која беше претставен избор од нејзиниот творечки опус е добар повод за сеќавање на сликарката која нејзиниот еснаф ја памети како авторка со суптилен лирски израз***

**Пишува: Гордана Колевска**

Сликарство, цртеж, графика, таписерија - тоа се ликовните медиуми во кои речиси пет децении Илинка Глигорова - Суза (1935 - 2008) го реализирала сопствениот творечки порив. На четиригодишнината од нејзината смрт, во Музејот на град Скопје љубителите на уметноста имаа можност да видат избор од нејзиниот богат ликовен опус, кој стручната јавност го оценува како творештво кое зрачи со тивка ненаметлива, но сугестивна естетска моќ.

- Бидејќи сестра ми Илинка ретко изложуваше самостојно, нејзиното творештво остана понепознато за пошироката јавност, иако имаше добиено повеќе награди, меѓу кои и „Нерешки мајстори“ на ДЛУМ. Најголемиот број од делата кои беа претставени на изложбата се од семејното наследство, а само мал дел припаѓа на други приватни колекции. Во чистиот галериски простор сликите светнаа на еден подруг начин од тоа како изгледаат во она мало ателје во кое беа сликани и чувани - вели сликарот Глигор Чемерски, кој изминатиот период максимално се ангажира во реализацијата на изложбата на својата сестра.

Родена како четврто, претпоследно дете во семејството, Илинка Глигорова - Суза отсекогаш била многу блиска со својот четири години помал брат Глигор. Двајцата уште во младоста покажале интерес за уметноста, а за тоа



фото: Игор Тодоровски

**Глигор Чемерски: „Илинка уживаше во уметноста со таписериите еднакво силно како и во сликарството“**



фото: приватна архива

### Лира Грабул, костимограф

## Личност со млад дух

Со професорката Илинка Глигорова - Суза се запознав во далечната 1995 година. Таа беше една од неколкуте насмеани лица кои ми посакаа искрено добре дојде во новото работно опкружување - училиштето за применета уметност „Лазар Личеноски“, во кое се вработив по долгогодишниот ангажман како костимограф во МТВ. Таа беше исклучително енергична, креативна, професионална, одговорна и искрена личност. Иако беше доста повозрасна од мене, имаше млад дух и разбирање за професионалните проблеми со кои се соочував и несебично ми помагаше. Весела и оптимистична личност, со голема љубов и со разбирање за учениците, а работната атмосфера околу неа секогаш имаше некаква пријатна обоеност. Таписериите кои професорката Суза ги изведуваше со учениците-матуранти беа изработувани со многу посветеност, внимание и љубов.
Од неа научив дека треба да бидам позитивна и полна со сомилост и со љубов во пристапот кон секое дете затоа што секоја душа е посебен универзум, обвиен со својата судбина и карактер кој е во развој. Пријатно е чувството кога ќе помислам на неа, на заедничките излети во природа, на поставувањето на годишните изложби, учеството на МОДЕСТ, пиењето кафе...

пресудно било влијанието на вујкото Петар Мазев, кој по завршувањето на ликовните студии во Белград неколку години живеел во семејната куќа на сестра си Спасија Чемерска во Скопје, инаку мајката на Илинка и на Глигор.

- Уште во раните години вујкото Петар Мазев нè воведе во магискиот простор на цртежот и бојата. Периодот поминат со него за нас двајцата беше замена за средно уметничко училиште бидејќи и двајцата завршивме гимназија. Потоа Илинка сликарскиот занает го изучи на белградската академија, кај професорот Неделко Гвозденовиќ. Таа припаѓа на генерацијата која растеше во можеби највозбудливите две децении на европското сликарство – 60-тите и 70-тите години на минатиот век - вели Чемерски.

Тројката Мазев - Илинка - Глигор продолжила да функционира на едно силно емоционално ниво - секој бил свет за себе, а заедно една целина која одлично се разбира.

- За разлика од мене и од Мазев, кои по природа бевме од оние што креваат врева, постојано мавтавме со рацете и секој наш став го кажувавме многу гласно, со многу страст и оган, Илинка беше посмирена. Таа тивко твореше и се радуваше на нашите успеси и често велеше: Вие сте витези, јас ќе бидам чуварка на дворецот - вели Чемерски.

Анализирајќи го делото на Илинка од професионален аспект, тој потенцира дека таа како автор се нашла себеси во префинетата материја и во светлината на платното, а мајсторството во реализацијата однегувано кај професорот Гвозденовиќ ги прави нејзините слики доволно густи во материјата и истовремено полни со светлина и воздух.

Напоредно со сликарството, Илинка Глигорова - Суза своите творечки пориви ги насочила и кон уметноста на тапisериите, и тоа во периодот кога ѝ било понудено да го води одделот за текстил во средното училиште за применета уметност „Лазар Личеноски“, каде што претходно го предавала предметот акт.

- Беше очигледно дека е восхитена од новата педагошка шанса. Можев да претпоставам дека освен нејзиниот личен афинитет кон оваа материја, деликатно поставена помеѓу занаетот и уметноста, помеѓу естетиката и животот, имаше и нешто многу лично. Тоа директно ја враќаше во наследениот семеен амбиент бидејќи кроењето, шиењето, ткаењето и везењето беа домашни дисциплини во доменот на мајсторството на нашата мајка, која инаку беше школувана кројачка.

Чемерски се сеќава дека Илинка му нарачала од Париз да ѝ испрати колку што може повеќе книги за ткаењето, за уметноста на таписериите, за гоблените бидејќи сакала детално да ги проучи сите тајни на рачните уметнички изработки.

- Сè уште не знам каде и кога го пронајде својот материјал, малонот, но изборот е пресуден, а во него се и идната креативност и идната оригиналност. Малонот е синтетичен, опорен и тешко совладлив материјал. Од него и не се прави плетало, туку тенките нишки растат во панделки, панделките во јажиња, јазли, неправилни и неразмрсливи топки... - вели Чемерски.

На изложбата меѓу другите дела беа претставени и шест таписерии кои Илинка Глигорова - Суза ги изработила заедно со своите ученици. Тоа се дела настанати во еден училиштен простор низ спојот на младешкиот ентузијазам на учениците и на творечката енергија на нивната професорка.

Илинка немала свое семејство, семејствата на своите браќа и на сестра ѝ за неа биле сè и секако учениците кон кои покажувала голема љубов и посветеност.

Поради некои награди и признанија, јас бев поекспониран од неа во јавноста, но на неа тоа ѝ годеше. Но се случуваше на улица да ме сретнат нејзини ученици и да ми речат: „Вие сте братот на Илинка, поздравете ја, многу ја сакаме“. Кога ѝ раскажував за овие мои средби, таа ќе се насмееше и ќе одмавнеше со раката. Вистина е дека никогаш не покажа завист на мојата слава, напротив, уживаше во неа, некогаш повеќе и од мене. Ете таква беше Илинка - Суза - вели Чемерски. ■

**Избор од делата на Илинка Глигорова – Суза**



„Возвишено“, 1994 година, масло на платно



„Оплакување“, 1996/97 година, малон



„Големото јадро“, 1993 година, масло на платно

Фото: Музеј на град Скопја